**Барање:**

1. Број на избрани и именувани лица и јавни службеници во вашата институција до ден 31.12.2025 година.
2. Вкупен износ на исплатени надоместоци и други примања на избрани и именувани лица во институцијата во период од 1.7.2024 до 31.12.2024 година од буџетски средства согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и другите избрани и именувани лица.
3. Број на вработени кои оствариле право на варијабилен дел од плата во периодот од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година.
4. Вкупен износ на исплатениот варијабилен дел од плата на вработените во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година.
5. Вкупен износ на исплатени средства за прекувремена работа на вработените во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година.
6. Број на вработени кои биле пријавени во Државниот инспекторат за труд за извршување прекувремена работа во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година, согласно со Законот за работни односи.
7. Вкупен износ на исплатени средства за неискористен одмор на вработените во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година, согласно Закон за работни односи.
8. Вкупен број на вработени што се дел од синдикатот/синдикатите и на кои им се задржува дел од плата за синдикална членарина и износ на задржаниот дел на ниво на институција на годишно ниво.

**Одговор:**

1. Број на избрани и именувани лица и јавни службеници во вашата институција до ден 31.12.2025 година.

**-Именувани:**

**1. Министер за одбрана - Владо Мисајловски– од 24.06.2024 година.**
**2. Заменик министер за одбрана - Елфет Исмаили–од 23.07.2024 година.**

2. Вкупен износ на исплатени надоместоци и други примања на избрани и именувани лица во институцијата во период од 1.7.2024 до 31.12.2024 година од буџетски средства согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и другите избрани и именувани лица.

**-Во наведениот период исплатен е надоместок за храна во вкупен износ од 9.694,00 денари.**

3. Број на вработени кои оствариле право на варијабилен дел од плата во периодот од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година.

**- Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, право на варијабилен дел од плата во периодот од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година оствариле 5968 вработени, согласно позитивните законски прописи од Законот за работни односи и Колективниот договор на Министерството за одбрана.**

4. Вкупен износ на исплатениот варијабилен дел од плата на вработените во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година.

**- Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година, вкупен износ на исплатен варијабилен дел од плата е 379.969.151,00 денари ( стража, прекувремена работа, државен празник, ноќна, работа во недела, турнус), согласно позитивните законски прописи од Законот за работни односи и Колективниот договор на Министерството за одбрана.**

5. Вкупен износ на исплатени средства за прекувремена работа на вработените во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година

**-За прекувремена работа на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година исплатено е 271.148.003,00 денари, согласно позитивните законски прописи од Законот за работни односи и Колективниот договор на Министерството за одбрана.**

6. Број на вработени кои биле пријавени во Државниот инспекторат за труд за извршување прекувремена работа во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година, согласно со Законот за работни односи.

**-Имајќи го во предвид Законот за служба во Армијата на Репубилка Северна Македонија како „Lex Specijalis“, работодавачот нема дополнителна обврска воведувањето на прекувремената работа да ја пријави до подрачниот инспектор на труд.**

7. Вкупен износ на исплатени средства за неискористен одмор на вработените во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година, согласно Закон за работни односи.

**-Вкупно исплатен надоместок за неискористени денови од годишен одмор на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, во период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година, исплатени се 143,009 денари.**

8. Вкупен број на вработени што се дел од синдикатот/синдикатите и на кои им се задржува дел од плата за синдикална членарина и износ на задржаниот дел на ниво на институција на годишно ниво.

-Во Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана вкупно 4799 вработени се членови од синдикалните здруженија и им се задржува дел од плата за синдикална членарина и износ на задржаниот дел се одредува согласно статутот и одлука на синдикатите.